РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 10-2573/1
28.07 2026 год.
ДЕЛЧЕВО

# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

## за периодот 2026 – 2030 година

## I. ВОВЕД

### 1.1 Профил на општината Делчево

Општина Делчево се наоѓа во крајниот североисточен дел на Република Македонија, во подножјето на планината Голак (Чавка -1524м), непосредно до бугарската граница на оддалеченост од само 10км. На исток е заградена со планината Влаина, на север со Осоговските и на југ со Малешевските планини. Сместена е во котлината Пијанец и распослана по горниот тек на реката Брегалница. Општината со нејзината поширока околина се протега на следните координати: 41° 58' северна географска ширина и 22° 46' источна географска должина, на надморска височина од 630 метри. Во согласност со Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија (Службен весник 55/04 и неговите измени) и Листата на рурални подрачја и рурални населени места во Република Македонија (Службен весник бр.89/2011), општина Делчево е класифицирана како рурална општина.




- *Сл.1 Делчево на мапата на Република Македонија*

- Општина Делчево на југ се граничи со општините Пехчево и Берово, на запад со општината Виница, на северозапад со општината Македонска Каменица, а на исток и североисток со Република Бугарија. Општината претставува важна алка на источномакедонската магистрала, која ги поврзува сите поголеми населби во овој дел на земјата, а понатаму и со делови од територијата на соседна Бугарија. Практично, Делчево лежи на еден многу важен крстопат преку кој во напоредниччки правец води најкусата врска меѓу долината на реката Вардар од една, и долината на реката Струма од друга страна. Општина Делчево има добри сообраќајни врски бидејќи магистралниот пат А3 Делчево-граничен премин со Република Бугарија минува низ неа, а со сообраќајниот систем на државата општината се поврзува преку неколку регионални патишта:
- **Р1302** Делчево (врска со А3) – Пехчево – Берово – Дабиле (врска со А4);
- **Р2341** Делчево (врска со А3) – Габрово-граничен премин со Република Бугарија;
- **Р2343** Делчево (врска со А3) **–** Голак;
- **Р2345** врска со А3 – Бигла – Трсино - врска со Р1304;

- **P2346** Тработивиште – (врска со P1302) – Разловци – Митрашинци – (врска со P1304).
- Подрачјето на општина Делчево во смисла на урбанизација е покриена со генерални и детални урбанистички планови, урбанистика документација за населени места и општ акт за селата. Со донесувањето на Законот за просторно и урбанистичко планирање во 2005 година се јави потреба за усогласување и измена на урбанистичките планови, согласно Законот и според тоа за селата треба да се донесат урбанистички планови за села. За градот Делчево во 1999 година е донесен ГУП со период на плански развој од 1997 до 2010 година и со него се регулира, планира и дефинира просторниот развој, организацијата и уредувањето на градот, границите на урбанистичкиот опфат, намената на површините и содржините на истите со зонирање со површина на урбан опфат од 403,78ха.

- **ИСТОРИЈАТ**
  Пределот на Пијанец има богато историско минато со археолошки остатоци кои потекнуваат од неолитскиот период (во околината на Габрово, Драмче, Ѕвегор, Град и др.), од халдштатскиот период (во Бигла, Драмче и околината на Делчево), што го покажува и постоењето на римски пат кој водел од Осогово, по десниот брег на реката Брегалница до селото Тработивиште, кој го поврзувал овој регион преку Малешевијата со Солун. Уште една значајна римска комуникација поминувала низ овој регион: патот водел од римскиот град Астибо (Штип), преку Виница и Бигла, поминувајќи ја реката Брегалница кај селото Очипала, понатаму преку селото Киселица и Црна Скала водел за римскиот град Пауталија (Ќустендил). Овој пат се поврзувал со патот Виа Игнација, поврзувајќи ги Драч и Солун.
- Постојат поголем број на римски градишта каде се најдени бројни архелошки предмети во населбите Ѕвегор, Град, Илиово и др. Најдоминантна населба е откриена во селото Град, каде постои поголем хронолошки континуитет на живеење со регистрирани повеќе локалитети во овој регион. Најновите истражувања во оваа населба говорат за постоење на праисториска населба и утврдување од доцноантичкиот и средновековниот период.
- Постојат неколку толкувања за потеклото на името Пијанец. Во овој предел доминирало одгледувањето на сливите и печењето на ракија, како и нејзиното пиење. Понатаму постои народно верување за примената на растението *пијанец*, кое имало халуцинирачки својства, растело меѓу пченицата, а од неговото брашно се успивале луѓето. Додека научните толкувања го поврзуваат името со старобалканското племе Пеонци, како и за постоењето на средновековен град со ова име, но сепак оваа теорија сеуште не е докажана. Во повелбата на Василие Втори Пијанец се спомнува како место приклучено кон Византија, а кое припаѓало под епископот во Мородвис. Подоцна Пијанец потпаѓа под Бугарската, а веднаш потоа во Српскосредновековната држава. Со продорот на Турците на Балканот, Пијанец станува дел од Ќустендилскиот санџак. Најбројното населено место во Пијанец (Делчево) во византиско време го носело името Василево, според Византискиот цар Василиј. Прв пат под ова име се споменува во една од повелбите на Цар Душан, од 1347-1350 година, како село во Пијанец, со црква Св Никола во близината и црква Св Богородица на Бреагалница. Во 1904 година силен земјотрес сосема го раурнал Василево и доселениците од разурнатото Василево се населиле во Горно маало, на ритчето (Чуката) спроти вливот на реката Габровчица, каде го подигнале ново Василево и црквата Св Богородица (денешната градска црква). Турците се населуваат во такнаречената Средно маало и во тоа време Василево било со развиено сточарство и сливарство. Како централно место на патот кон Струма, во 1671 година Василево го посетил султанот Мехмед IV, кој на Турците им изградил џамија во Средно или Турско маало. Посетата на Мехмед IV го поттикнало македонското

население кон позабрзано и помасовно примање на исламот, по што истото почнало брзо да се зголемува со доселување на исламизирано население. Во знак на благодарност на султанот за изградбата на џамијата и посетата, жителите го нарекле Василево (*Султание*).



- *Сл. 2 Царево село на почеток од 20 век*

Во 18 и 19 век Царево Село било селска населба со Турци, Македонци и Торбеши, при што најбројни биле Торбешите. Во средината на 19 век во Царево Село, во Горно маало се доселуваат Македонци од долината на Струма, кои како занаетчии ја формирале чаршијата. Во Долно маало се населиле Власи - сточари од Западна Македонија, кои ги терале овците на пасење на падините на Голак. Голем број Мацири - Турци од Северна Бугарија се населиле во Долно маало, по кои и денеска овој дел се вика Мацир маало. По ослободувањето на Бугарија, во Царево Село се доселуваат и македонски родови од Ќустендилско, кои биле трговци, занаетчии и земјоделци. Тогаш Царево Село имало 1610 жители и почнало да личи на гратче со чаршија и пазар. На крајот на 19 век во Царево Село имало 220 турски и 80 македонски куќи, со претежно земјоделско население.

По Балканските војни Царево Село стагнира, поради поставувањето на државната граница кон Бугарија. Со новата територијална поделба, Царево Село станува околиско место, со што почнува да се развива во стопански центар за Пијанец. Меѓу двете светски војни бројот на населението расте со намалено темпо и Царево Село почнува да се развива десно од Брегалница. По Втората светска војна, со новонастанатите општествени услови во нашата земја, Царево Село на 01.05.1950 година, по четврти пат во својата историја го менува името во Делчево во чест на големиот револуционер и идеолог Гоце Делчев. Брзиот стопански развој на земјата влијаеше на подемот на индустријата која го потисна занаетчиството и денес Делчево е модерена градска населба со широко асфалтирани улици и булевари, решена канализациона и водоводна мрежа и со паркови и зеленило.

**Население**

Според Пописот во 2021 година во општина Делчево живеат 13.585 жители, од кои 11.949 или 87,95% во општинскиот центар, т.е. градот Делчево. Од нив 6.806 се мажи а 6.779 се жени.Просечната густина на населеност е 42,5 жители/км2, што е под просекот на Република Македонија од 78,8 жители/км2. Иако за релевантни и клучни податоци во поглед на бројот на население и неговата структура се зема последниот попис спроведен во државата во 2002 година, сепак Државниот завод за статистика периодично прави статистички процени во сите области. Податоците кои се содржани во овој Социјален план, се најново објавените од страна на ДЗС од Пописот 2021 година, согласно ажурираноста.

Вкупниот број на население согласно проценката од 2018 година изнесувала 15 987, а и понатаму мажите се во најголем процент во општината согласно половата структура.

**Жители по населени места**

Административно гледано, градот Делчево е седиште на општината Делчево која има уште 22 населени места. Бројот на жители веднаш по градот е најдоминантен во населеното место Разловци каде има 831 жител, а најмалкубројно во населеното место Косово Дабје каде има 21 жител.

**Етничка припадност**

Согласно етничката припадност на населението, според неофицијалните податоци од Пописот 2021 година, македонците се во најголем дел 12.962, албанци се 20 (17 жени и 3 мажи), турци 112 (54 жени и 58 мажи), роми 475 (231 жени и 244 мажи), власи 5 (жени 2 и мажи 3), срби 9 (жени 4 и мажи 5) и бошнаци 2 (1 жена и 1 маж)

Во 2025 година во Делчево се склучени 73, а разведени се 21 бракови. Од податоците што ги добивме од ЈУ МЦСР вкупно 78 лица посетиле советувалиште за бракоразводи. Бракоразводите подеднакво се покренуваат и од мажите и од жените. Најчести причини за бракоразвод се наведуваат: нарушени брачни односи, неверство, семејно насилство (физичко и психичко), економско-социјални причини и др. Бракоразводите во најголем број случаи се случуваат помеѓу 35-45 годишна возраст.

Во поглед на фертилитетот односно живородени деца на една жена бројката од истата година (2025) изнесува 57 ( 32 женски и 25 машки деца) или тоа значи 6.8 на 1000 жители. Податоците за морталитет и за смртност кај доенчиња изнесуваат 189 лица односно 2 мртвородени деца, на 1000 жители, морталитетот на населението изнесува 11.8, додека на мртвородени деца 18.3 што е загрижувачка вредност. Стапката на наталитетот од истата година изнесува 10.3 живородени на 1000 жители додека природниот прираст стапката изнесува 0.8 на 1000 жители.

Општина Делчево доделува еднократна парична помош за секое новороденче со место на живеење во општината од 4.000 денари.

демографско стареење.

| Вкупно резидентно население во Општина Делчево по 5-годишни возраснигрупи и пол, Попис 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Пол - ВКУПНО |
| Возраснагрупа - ВКУПНО | 6806 | 6779 | 13.585 |
| 0-4 | 261 | 257 | 518 |
| 5-9 | 304 | 277 | 581 |
| 10-14 | 293 | 310 | 603 |
| 15-19 | 323 | 319 | 642 |
| 20-24 | 337 | 311 | 648 |
| 25-29 | 349 | 353 | 702 |
| 30-34 | 363 | 353 | 716 |
| 35-39 | 449 | 402 | 851 |
| 40-44 | 484 | 426 | 910 |
| 45-49 | 508 | 458 | 966 |
| 50-54 | 533 | 499 | 1032 |
| 55-59 | 544 | 562 | 1106 |
| 60-64 | 604 | 600 | 1204 |
| 65-69 | 561 | 568 | 1129 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 70-74 | 429 | 500 | 929 |
| 75-79 | 278 | 332 | 610 |
| 80-84 | 118 | 150 | 268 |
| 85+ | 68 | 102 | 170 |

### 1.2 Цел на Социјалниот план

Социјалниот план е подготвен низ соработка и партнерства со сите чинители во општината и ги рефлектира приоритетните потреби на граѓаните. Притоа, целта на планот е да овозможи практична и спроведлива рамка за адресирање на клучните социјални предизвици поврзани со животот на граѓаните.

## II.ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ПЛАН И ПРОГРАМИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Согласно Законот за социјална заштита доделени се одредени надлежност на општините , меѓу кои и надлежноста дадена во член 11, став 1 алинеја 4 каде стои: „општините формираат Совет за социјална заштита за подрачјето на општината„. Советот за социјална заштита на Општина Делчево , формиран со Одлука на Советот на Општина Делчево бр.09-1986/1 од 21.10.2019 година и втор состав формиран со Одлука бр.09-2362/1 од 29.11.2023 година, донесе Социјален план на Општина Делчево за 2020 година ( во понатамошниот текст Социјален план) , Социјален план на Општина Делчево за 2021/22 година и Социјален план на Општина Делчево 2023-2025 година. Социјалниот план содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјалните услуги во општината.

### II.1 Главни активности на Советот за социјална заштита:

Од увидот во реализирањето на Локалниот Акционен план за социјална заштита , како и на состојбите и потребите на различните социјални групи на ниво на општина Делчево, Советот за социјална заштита на Општина Делчево ги утврди следните активности за делување за 2026 година:

- Идентификација на ризичните групи на ниво на општината
- Увид и располагање со релевантни податоци;
- Анализа на податоци и состојби, вршење на споредбени анализи;
- Идентификација на приоритетните интервенции(мерки и форми на социјална заштита.
- Идентификација на релевантни социјални сили(институциите, НВО, приватен сектор итн.);
- Следење, утврдување и анализа на постигнатите резултати и реализирани активности од имплементирањето на планот и програмата за социјалнба заштита на Општина Делчево ;
- Редовна комуникација, средби и размена на податоци и информации со сите социјални сили на ниво на општината;
- Транспарентното работење и објавување на годишни извештаи од имплементирањето на планираните активности според планот за социјална заштита;
- Предлог на нови програми и форми на социјална заштита (давање на социјални услуги од страна на лиценцирани даватели на социјални услуги во општината);

За унапредување на социјалната заштита во Општина Делчево, потребно е воведување на социјални услуги кои се индивидуализирани и прилагодени на конкретните потреби на корисникот и семејството, што подразбира сеопфатно ангажирање на сите постоечки институции во општината, нивните надлежности и евентуалното нивно вклучување во сферата на социјалните услуги кои ќе им се пружаат на граѓаните на општина Делчево.

### II.2 Општинска администрација:

Вкупениот број на вработени во општинската администрација заклучно со 01.12.2025 година изнесува 63 лица од кои 46 во општинската администрација и 17 во ТППЕ Делчево. Според половата структура 38 се мажи (21 со ВСП и 17 со ССП) и 25 жени ( 21 со ВСП и 4 со ССП). Во рамките на општинската администрација нема посебно одделение за социјална заштита, но планирањето и унапредувањето на социјалната заштита во општината е составен дел од работата на Одделението за правни и општи работи и јавни дејности. Општина Делчево има вработено 1 социјален работник.

Општината има донесено Социјален план на Општина Делчево за 2023-2025 година, Програма за социјална заштита за 2020,2021, 2022, 2023, 2024 , 2025 и 2026 година Стратегија за родова еднаквост 2023-2026, Акциски план за родова еднаквост и др. стратешки документи.

За остварување на подобра комуникација со граѓаните , Општина Делчево има донесено Програма за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево. Овие стратешки документи имаат за цел одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница. Општина Делчево користи повеќе алатки за комуникација со граѓаните: општинската интернет страна, електронска пошта, медиуми, месечен електронски весник „Инфо Делчево„ социјални мрежи, јавни анкети, форуми на заедницата, директни средби со граѓаните од урбаните и месните заедници, приемен ден за граѓаните кај Градоначалникот и општинската администрација и др.

### II.3 Образовни институции

Во општина Делчево има две основни училишта: ООУ „Ванчо Прке„ и ООУ „Св.Климент Охридски„ и едно средно училиште и тоа СОУ „М.М.Брицо„.

**Споредбено движење на податоците со бројот на ученици во изминатите години**

| | Учебна година | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | **2010/2011** | **2011/2012** | **2012/2013** | **2013/2014** |
| ООУ „Ванчо Прке„ | Првачиња: 81<br>Вкупно: 650 | Првачиња: 64<br>Вкупно: 627 | Првачиња: 69<br>Вкупно: 599 | Првачиња: 68<br>Вкупно: 617 |
| ООУ „Св.Климент Охридски„ | Првачиња: 80<br>Вкупно: 750 | Првачиња: 61<br>Вкупно:714 | Првачиња: 83<br>Вкупно: 714 | Првачиња: 61<br>Вкупно:686 |
| **ВКУПНО:** | **Првачиња: 161**<br>**Вкупно: 1400** | **Првачиња: 125**<br>**Вкупно:1341** | **Првачиња: 152**<br>**Вкупно: 1313** | **Првачиња: 129**<br>**Вкупно: 1303** |
| СОУ „М.М.Брицо„ | I година:135<br>Вкупно: 567 | I година:121<br>Вкупно: 526 | I година:136<br>Вкупно: 510 | I година: 119<br>Вкупно: 490 |
| | | | | |

| | Учебна година | | | |
|---|---|---|---|---|

| Училиште | 2014/2015 | 2015/2016 | 2016/2017 | 2017/2018 |
|---|---|---|---|---|
| ООУ „Ванчо Прке„ | Првачиња: 77 Вкупно: 614 | Првачиња: 69 Вкупно: 607 | Првачиња: 79 Вкупно: 620 | Првачиња:63 Вкупно:600 |
| ООУ „Св.Климент Охридски„ | Првачиња: 65 Вкупно: 655 | Првачиња: 52 Вкупно:596 | Првачиња: 64 Вкупно: 592 | Првачиња:66 Вкупно: |
| **ВКУПНО:** | **Првачиња:142 Вкупно: 1269** | **Првачиња:121 Вкупно: 1203** | **Првачиња:143 Вкупно: 1212** | **Првачиња:129 Вкупно: 1052** |
| СОУ „М.М.Брицо„ | I година:98 Вкупно: 448 | I година:104 Вкупно: 432 | I година:71 Вкупно: 383 | I година: 86 Вкупно:390 |

| | Учебна година | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | **2018/2019** | **2019/2020** | **2020/2021** | **2021/2022** |
| ООУ „Ванчо Прке„ | Првачиња: 63 Вкупно: 560 | Првачиња: 58 Вкупно: 573 | Првачиња: 43 Вкупно: 529 | Првачиња:57 Вкупно: 501 |
| ООУ „Св.Климент Охридски„ | Првачиња: 62 Вкупно: 557 | Првачиња: 36 Вкупно:515 | Првачиња: 66 Вкупно: 525 | Првачиња:58 Вкупно: 507 |
| **ВКУПНО:** | **Првачиња:125 Вкупно: 1117** | **Првачиња:121 Вкупно: 1088** | **Првачиња: 109 Вкупно: 1052** | **Првачиња:115 Вкупно: 1008** |
| СОУ „М.М.Брицо„ | I година:39 Вкупно: 371 | I година: 107 Вкупно: **374** | I година: 91 Вкупно: **400** | I година: 111 Вкупно: 413 |

| | Учебна година | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | **2022/2023** | **2023/2024** | **2024/2025** | **2025/2026** |
| ООУ „Ванчо Прке„ | Првачиња: 43(27 м. и 16ж.) Вкупно: 488 (247 м. и 241 ж.) | Првачиња: 46 (25м. и 21ж.) Вкупно: 458 (238 м. и 220 ж) | Првачиња: 57 (28 м. и 29 ж.) Вкупно: 445 (231м.и 214 ж.) | Првачиња: 54 (25м. и 29ж.) Вкупно: 440 (220м. и 220ж.) |
| ООУ „Св.Климент Охридски„ | Првачиња: 62(34 ж и 28 м) Вкупно: 508 ( 258 м. и 250ж.) | Првачиња: 51(29 м. и 22 ж.) Вкупно: 504 (250 м. и 254ж.) | Првачиња: 49 ( 24 м. и 25 ж.) Вкупно: 541 (246м. и 295ж.) | Првачиња: 47 (25м. и 22ж.) Вкупно: 492 (249м. и 243ж.) |
| **ВКУПНО:** | **Првачиња: 105 Вкупно: 996** | **Првачиња:97 Вкупно: 962** | **Првачиња: 106 Вкупно: 986** | **Првачиња:101 Вкупно: 932** |
| СОУ „М.М.Брицо„ | I година:80 (26 м. и 54 ж.) Вкупно: 387 ( 176 м. и | I година: 90 ( 42 м. и 48 ж. ) Вкупно: 354 (142 м. и 202ж) | I година: 67 ( 29 м. и 38 ж.) Вкупно: 315 (134м. и 181ж.) | I година: 90 (38м.и 52ж.) Вкупно: 304 (131м. и 173ж.) |

| | 211ж.) | | | |
|---|---|---|---|---|

## II.4 Воспитно образовни институции

Во Општина Делчево постои само една детска градинка ОЈУДГ „Весели Цветови„ која е лоцирана непосредно до ООУ „Ванчо Прке„ поточно на ул: „Светозар Марковиќ„ бр.12 Делчево и од оваа година клон на истата градинака во нас.Стар расадник. И покрај доградбата на дополнителни простории за згрижување на децата од предучилишна возраст, капацитетот на единствената детска градинка во општината е сеуште мал за да ги згрижи сите деца кои се на листа за чекање. Се надеваме дека со пуштањето во употреба на новата детска градинка во нас.Стар расадник, овој проблем ќе биде решен.

Табела со податоци од ОЈУДГ „Весели цветови „ Делчево за 2025 година

| **ОЈУДГ „Весели цветови„** | **Делчево** | | |
|---|---|---|---|
| **Запишани деца во 2025 година** | 296 | | |
| Возраст | **М** | **Ж** | **ВКУПНО** |
| до 3 години | 45 | 35 | 80 |
| од 3 до 6 години | 105 | 111 | 216 |
| **ВКУПНО** | | | **296** |
| **Вработени во ОЈУДГ** | **М** | **Ж** | **ВКУПНО** |
| Административни Службеници | / | 3 | 3 |
| Техничка Служба | 6 | 6 | 12 |
| Носители на дејност | / | 32 | 32 |
| Директор | / | 1 | 1 |
| Вработени преку АПВ | / | 5 | 5 |
| **ВКУПНО** | | | **53** |

## II.5 Здравствени установи

Примарната здравствена заштита во општина Делчево се остварува во ЈЗУ Здравствен дом-Гоце Делчев кој е ситуиран во градот Делчево и во рамките на кој егзистира специјалист за детска и школска медицина, специјалисти за интерна медицина, геникологија, психијатар , невролог, ренгенолог, офтамолог и специјалист за уво нос и грло, лабараторија,трансфузиологија , епидемиологија и превентивна детска стоматологија. Во општина Делчево има 13 приватни здравствени установи ПЗУ (2 геникологи и 11 семејна медицина), и 13 приватни стоматолошки ординации ПЗУ, специјалистички 2 од кои 1 протетика и 1 стоматолошка специјалистичка ординација по ортодонција. Во општина Делчево има 6 активни аптеки. Во Делчево постои и Центар за хемодијализа кој опслужува пациенти од Делчево, Македонска Каменица, Пехчево и Берово.

**ТАБЕЛА со податотоци за медицински персонал од Фондот за здравствено осигурување ПЕ Делчево**

| **Здравствени установи** | | | |
|---|---|---|---|
| **Вработени** | **М** | **Ж** | **ВКУПНО** |
| Доктори специјалисти( интернисти, ренгенолози, офтамолог, оториноларинголог, епидемиолог, педијатар, трансфузиолог, школска медиција, психијатар, невролог) | 3 | 8 | 11 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Доктори специјалисти семејна медицина | 3 | 8 | 11 |
| Биохемичари | 0 | 2 | 2 |
| Лаборанти | 4 | 5 | 9 |
| Медицински сестри и акушерки | 0 | 14 | 14 |
| Стоматолози и стоматолози специјалисти | 5 | 11 | 16 |
| Стоматолошки сестри | 2 | 14 | 16 |
| Доктори геникологи | 0 | 2 | 2 |
| Доктори специјализанти | 2 | 1 | 3 |
| Радиолошки технолози | 1 | 2 | 3 |

## II.6 АВРМ-Центар за вработување Делчево

Во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија –Центар за вработување-Делчево со дисперзирана канцеларија во Македонска Каменица се вработени вкупно 11 лица од кои:

**-5 лица со високо образовение-од кои:**

- Виш соработник за активни мерки за вработување -Раководител на Центар за вработување со овластување ,

    1-Советник за активни мерки за вработување,
    1-Помлад соработни за активни мерки за вработување,
    1- Помлад соработник за правни работи и
    1- Помлад соработник за посредување при вработување

**-5 лица со средно образование од кои:**

    2- Самостоен референт за шалтерски услуги,
    1-Виш ртеферент за шалтерси услуги
    1-Виш Референт за услуги за поддршка за вработување(Дисперзирана канцеларија )
    1-Референт за подршка за вработување

**-1 лице со основно образование:** 1-хигиеничар

Вработените во АВРСМ се администратативни(јавни) службеници,даватели на јавни услуги и помошно технички лица. АВРСМ преку Центрите за вработување работи согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, каде се уредени прашања од обласа за размена на трудот, правата и обврските на работодавашите, невработените лица и други лица кои бараат работа. Секој има право на пристап до вработување, без било какви ограничувања, согласно со принципот на еднаков третман, утврден со Законот за работните односи, забранета е дискриминација при вработување по основа на брачен статус, семеен статус, боја на кожа,пол,јазик,политичко или друго убедување, активност во синдикати, национална припадност, социјален статус, инвалидност, возраст,сопственост, оппштествен или друг статус.

Основни задачи на размената на трудот се:

- евидентирање на работодавачите и нивните потреби
-евидентирање на невработените според нивните квалификации,знаења и искуства
-регистрирање на работен однос- пријава/одјава
-огласување на слободни работни места
-подготовка на индивидуален акциски план за согледување на способноста и професионалните вештини на невработенитте лица кои бараат работа и утврдување на видот и степенот на потребната помош за вработување,
-Активација на корисници на ГМП

-Професионална рехабилитација и вклучување на пазар на труд на лица со попреченост

-изработка на индивидуеален план за вработување,
-кариерно советување
-мотивациони обуки
-професионална ориентација на невработените заради избор на занимање по пат на тестирање и разговор
-упатување на невработените лица на обука, преквалификација или доквалификација
-практикантство,
-обука на работно место кај конкретен работодавач
-обука за побарувани занимања
-обуки за возачи за Ц и Д-категорија
-обука за стручни квалификации според потребите на работодавачите од областа на камиони и тешки товарни возила (пилот-мерка)
- валидација на стручни квалификации на невработени лица за полесно интегрирање на пазарот на труд (пилот мерка)
-јавни работи
-општинско корисна работа
-младински додаток
-финансиска подршка на нови вработувања
-вработување на невработени лица по основ на Самовработување,
-вработување на невработени лица по основ на кредитирање,
-обезбедување посебни услови за вработување на невработените инвалидни лица
-истражување ,следење и анализирање на појавите и движењата на пазарот на трудот-обезбедување права по основ на осигурување во случај на невработеност.

### II.7 Хуманитарни организации

Општинската организација на Црвен крст Делчево е формирана Декември 1951 година.
Општинската организација во своето работење се раководи од Статутот на Меѓународното движење – Меѓународна федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина, Женевските Конвенции од 1949 година, Дополнителните Протоколи од 1977 година и 2005 година, Законот за Црвениот крст и Статутот на Црвениот крст на РСМ и ги почитува основните принципи на Движењето. Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Делчево е хуманитарна, доброволна, непристрасна, неутрална, универзална и независна организација на граѓаните, формирана од Црвениот крст на РСМ. Општинската организација дејствува и работи како непрофитна, самостојна и автономна организација и има помошна улога на властите во единиците на локалната самоуправа, при што ја задржува автономијата која му дозволува да дејствува во согласност со политиките на Црвениот крст на РСМ и со основните принципи на Движењето. Во последните неколку години ОО на Црвен крст Делчево активно работи на развојот на социјалните услуги . ОО на Црвен крст е лиценциран давател на услугите: помош и нега во домот и лична асистенција.

### II.8 Невладини организации

Развојот на граѓанскиот сектор е од исклучителна важност за фундаменталните демократски плурално изразени вредности на една земја, како и за поттикнување на граѓанската свест за поширок општествен ангажман. Истовремено претставува и афирмација на уставно загарантираните човекови права на слободно здружување заради остварување и заштита на разнородните права и уверувања и на правото на слободен говор, артикулирани преку принципите на партиципативната демократија. Исто така, граѓаните преку нивните активности придонесуваат за посеопфатен општествен развој и за подобрување на квалитетот и стандардот на животот. Ваквиот придонес на граѓанскиот сектор во промовирањето и градењето на

демократската култура и социјалната кохезија на сите општествени нивоа ја поттикнува потребата од соработка меѓу него и општината. Нивното взаемно дејствување може значително да придонесе во развивањето на бројни области во општеството, со цел ефикасно да се одговори на предизвиците и тековните проблеми на земјата. Од своја страна, граѓанските организации, како дел од општествениот систем, се форма преку која јасно се изразува граѓанската иницијатива и преку која се овозможува учеството на граѓаните во севкупните општествени текови. Паралелно, дополнителна корист од понатамошниот развиток на граѓанските организации е стимулирањето на социјалната кохезија и создавањето солиден општествен капитал . Граѓанските организации имаат и висок економскиот потенцијал, кој се изразува преку нивната улога на работодавци, односно да ја вклучуваат во своите активности економски активната популација и со тоа да придонесуваат во намалување на проблемите на невработеноста. Затоа, на Општина Делчево и е од интерес да го поттикнува развојот на граѓанскиот сектор и неговото учество во креирањето на политиките како соодветен баланс и коректив во развојот на демократијата и демократските вредности, но и како конструктивен надополнувач во областите каде општествената заедница има потреба за тоа.

Општина Делчево има голем број на организации како активисти во граѓанскиот сектор каде како поактивни во делот на социјалното претприемништво и социјалната политика се:

**ЗГ „Бравура Кооператива„** која има за цел да обезбеди одржан развој на програмата за Професионална ориентација на лица со посебни потреби", група на родители од Делчево заедно со професионалци во областа на попреченоста, го формираа здружението **„Бравура Кооператива"**. Оваа програма постигната високи резултати во практично работно оспособување, разви нови методи и техники за обука и е во чекор со времето за новите предизвици за социјално претприемништво. Од 2007 година отпочна со активности за „Подигање на јавна свест на локалното население и регионот Брегалница", а истата година ја разви и програмата за „Ран третман и рана интервенција на деца со посебни потреби" преку директна работа со корисниците од страна на профилиран стручен тим. Прогресот на организацијата се почуствува во 2009 година со имплементација на низа проекти во инклузивната програма за образование , која стана составен дел на програмата за работа на организацијата за да од 2013 година отпочнеме и со програмата „Инклузија преку спорт". Во рамките на програмите се развиваат проекти кој имаат едноставна цел а тоа е да го подобрат квалитетот на живеење на лицата со посебни потреби во сите свери на опшественото живеење. Организацијата активно работи на интензивен развој на социјалните услуги, за што има добиено лиценци за: рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост, услуги во домот и др.

**Здружението Регионален центар за застапување** постои од 2006 година и дава континуирана поддршка на НВО, бизнис заедницата и општините во делот на стратешкото планирање и обезбедување на финансиски средства за имплементација на истите. Здружението работи и во делот на јакнење на граѓанското општество, лобирање и застапување, унапредување на меѓугранична соработка, едукација и информирање, овозможување на јавноста од регионот на едно место да најдат добро организирани извори на информации за Европската унија, нејзините институции, активности и политики, законски рамки, документи и публикации, програми и процес на донесување на одлуки.

**Невладината организација КХАМ Делчево** е основана во 1999 година кога беше основана од група ромски активисти заради нивните верувања и ставови за потребата од унапредување на квалитетот на животот на ромската заедница во Делчево. **НВО КХАМ** Делчево е организација која работи на решавање на ромските права пред се во делот на социјалата. КХАМ е активен учесник кој промовира јакнење на граѓанското општество и демократија, како и институционален

пристап за промовирање на интеграција на ромското население и другите маргинализирани групи во сите сфери на општеството.

НВО Кхам работи на подигање на образовното ниво и подобрување на социјалната и економската состојба на маргинализираните групи, како и придонес кон зајакнување на капацитетите на невладините организации во Источна Македонија преку соработка со домашни и странски организации и институции.

**Организација ЖЕНА Делчево** е граѓанска, непрофитна организација која повеќе години активно работи на подобрување на положбата на жените, младите и маргинализираните заедници во источниот регион. Седиштето на организацијата се наоѓа на ул. „Орце Николов“ бр. 24 во Делчево, а организацијата е во континуитет препознаена како движечка сила за промени во областа на женските права, родовата еднаквост, млади и пристапот до институционална поддршка.

Организацијата е регистрирана од 2005, а направена е пререгистрација во 2021 година. и е меѓу најактивните здруженија во регионот, препознаена од домашни и меѓународни партнери, вклучувајќи ги **Kvinna till Kvinna Foundation, Акција Ждруженска**, **Civic Resource Center – GRC**, **National Youth Council of Macedonia**, Европската унија, како и амбасадите на **Франција** и **САД**. **Мисија:**Мисијата на ЖЕНА Делчево е да придонесе кон унапредување на родовата еднаквост, заштитата на женските права и подобрување на животот на ранливите групи. Организацијата обезбедува бесплатна правна и психосоцијална поддршка, работи со жртви на семејно и родово базирано насилство, ги јакне жените од руралните места и активно вклучува млади во процесите на одлучување.

**III.Улогата на Советот на општината, Градоначалникот и Единицата на локалната самоуправа во реализирањето на Програмата за социјална заштита**

Согласно Законот за социјална заштита ( „Сл.весник на РСМ„ 104/2019 и 146/2019) Градоначалникот на општината, по претходно донесен Социјален план од Советот за социјална заштита, предлага Годишна програма за социјална заштита, која ја донесува Советот на општината. Програмата за социјална заштита се донесува со цел да обезбеди транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем во кој ќе се опфатат мерките, активностите и средствата/ресурсите кои се потребни за да се задоволат потребите на крајните корисници на оваа Програма, пред се на ранливите категории на граѓани и нивна поголема вклученост во јавниот и опшествен живот. Главните заложби на Советот на општината, Градоначалникот и општинската администрација ќе бидат во обезбедувањето на средства по разни основи заради задоволување на барем дел од потребите на социјално загрозените семејства, лицата односно семејствата кои претрпеле штети од елементарни непогоди, лицата кои имале енормно високи трошоци за болничко лекување и набавка на лекарства, лицата со посебни потреби, старите и изнемоштени лица, децата од предучилишното образование и воспитување, инклузијата на децата роми , деца и млади во ризик и др.

## IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА SWOT АНАЛИЗА

Со социо-економската анализа беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на општината Делчево. На тој начин е воспоставена информациска и аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја на Социјалниот план. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски - економски, социјални и еколошки развојни планови.

Со подготовката на оваа анализа се демонстрира пристапот на „Системско размислување“ и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.

Социо-економската анализа е заснована на достапни податоци од различни извори и во различни форми а во продолжение се наведени клучните наоди по области на анализа, со опис на општите карактеристики, мапирани потреби и насоки за нивно задоволување.

*Табела 2: Клучни наоди од социо-економската анализа*

| ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Бројот на жители постојано се намалува. Тенденција е намалување на морталитетот и намалување на наталитетот. Во општината околу 50% од населението е на возраст од 50 до 85+ години. | Стимулативни демографски мерки на поттикнување на раѓање и стимулирање на здравството и социјалното згрижување во насока на подобрување на здравјето, Намалување на економските и социјалните диспаритети, јакнење на економските и социјалните функции, заштита на животната средина и создавање можности за поквалитетно живеење. |
| Половата структура покажува балансиран однос во општината. | Ваквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на родовата еднаквост. |
| Миграциското салдо е негативно. | Преземање стимулативни мерки по сектори за задржување на населението и спречување на иселување, особено од подрачјата со специфични развојни потреби.<br>Потребни се конкретни мерки за зголемување на инвестициските активности, подигнување на социјалните услови на повисоко ниво, |
| **АНАЛИЗА НА ПАЗАР НА ТРУДОТ** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Загрижува образовната структура на невработените лица. Без основно образование, со основно образование и непотполно средно образование се 50% од нив.<br>Загрижува возрасната структура (44,52%) на невработени лица постари од 50 години. | Поддршка во преквалификување на невработените лица. |
| Загрижува стапката на невработеност во руралните средини. | Поддршка на секторите земјоделие, туризам. |
| Загрижува високата бројка на инвалидни невработени лица, на евиденција има голем број на лица со посебни потреби кои не се категоризирани. | Поголема поддршка на компаниите за вработување на инвалидните невработени лица |
| **ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Бројот на активни компании е во опаѓање. Се намалуваат микро компаниите, а се зголемуваат малите компании. | Треба да се подобри деловната клима за да не се затвораат бизнисите. Зголемување на микро компаниите преку стимулирање. |

| | |
|---|---|
| Не се искористени можностите на индустриските зони | Потребно е уредување на индустриските зони со потребната инфраструктура за зголемување на интересот за искористување на можностите на индустриските зони |
| Постои солидна атрактивна ресурсна основа за развој на повеќе видови на туризам | Потребна валоризација, уредување и опремување на локалитети и објекти кои се привлечни за посетителите, нивно доуредување со пристпни патишта и урбана опрема. |
| Мал број на сместувачки и угостителски објекти од повисока категорија | Да се прошири со други видови угостителски објекти, ресторани и сл. објекти за храна и пијалаци, забава, конгреси и средби |
| Туристичката промоција е на средно ниво | Потребно е да се подобри промотивната активност |
| Високо ниво на застапеност на земјоделски површини, но обработливоста е релативно слаба | Поддршка за обработка на земјиштето од мал посед, простор за интензивирање на земјоделието и обработка на необработените површини |
| Постои потенцијал и интерес за одгледување на шумски плодови (лешник, аронија, малинка) | Потреба од преземање на дополнителни стимулативни мерки во оваа насока и популаризација на ИПАРД програмите |
| Намалување на производството на поледелските култури | Преземање дополнителни мерки за подобрување на производството |
| Сточниот фонд во опаѓање, како по број, така по видови | Поддршка за зголемување на сточниот фонд и видови во исчезнување |
| Пчеларството во општината е релативно добро развиено но потребно е брендирање на истото | Да се продолжи со стимулативните мерки за развој на пчеларството и брендирање на истото. |
| Недоволна искористеност на шумските потенцијали | Искористување на шумските потенцијали како посебна гранка, но и во меѓугрански поврзаност со други дејности |

**АНАЛИЗА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПЛАНИРАЊЕ**

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Потреба од ГУП за Делчево, а постоечкиот ДУП за руралните средини и нови туристички локалитети .<br>Мал е процент на населените места за кои има урбанистичка планска документација и истата е на ниво на општ акт. | Потребно е зголемување на напорите за обезбедување на урбанистичка планска документација за населените места, особено за селата и туристичките локалитети заради побрз развој на заедницата. |
| ЈКП не ги има превземено сите водоводни системи во населените места | Согласно закон ЈКП треба да ги превземе, управува и одржува водоводните системи заради обезбедување на квалитетна вода за пиење. |
| Мала покриеност на населените места со канализациони системи.<br>Загрижувачко ниво на испуштање на непрочистена вода. | Потребно е изградба и доизградба на канализациони системи во поголемите населени места во општината, ставање во функција ПС каде постојат и изградба на нови |

| | |
|---|---|
| | ПС заради заштита/подобрување на квалитетот на водите во реципиентите. |
| Не се искористени можностите на водостопанските инфраструктурни објекти (вештачки езера, зафати за наводнување и бунари) | Јавно водостопанско претпријатие да ги превземе, управува и одржува системите, реконструкција на истите. |
| Доизградба на улиците по руралните места и обновување на пристапните патишта до с.Габрово, с.Нов Истевник, с Драмче према М.Каменица | Изградба на нови улици и локални патишта и реконструкција на постојните оштетени коловози заради подобрување на мобилноста на граѓаните, особено невработените и стари лица. |
| Се уште постојат дрвени столбови во енергетската мрежа во општината, кои најчесто се делумно оштетени | Да се превземат напори за замена на дрвените столбови заради безбедност на граѓаните и непречено снабдување со електрична енергија, да зашпочне процес на подземна инсталација на кабли за електрична енергија. |
| **АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Намален број на ученици во основно образование | Задржување на младите во општината преку подобрување на условите за вработување. Потребно е стимулирање на млади бракови и раѓање во помлади години. |
| Намален број на ученици во средно образование | Отворање на стручни насоки во средното училиште за полесен пристап до пазарот на труд. |
| Подобрување на квалитетот на културните манифестации во општината | Поддршка во одржување на постојните културни, традиционални и фолклорни манифестации и востановување нови манифестации |
| ЈЗУ не пружа медицинска услуга за ортопедија | Да се обезбеди начин за посета на ортопед на општината |
| Недостасуваат здравствени установи (амбуланти) во руралните населени места | Субвенционирање за отворање и работа на здравствени установи (амбуланти) во руралните средини |
| Зголемен број на барателите на еднократна парична помош по основ на тешка финансиска состојба на семејствата | Воведување на мерки за работно ангажирање на работоспособни лица приматели на социјална помош |
| Формирани се Совет за социјална заштита и Совет за превенција од детско претстапништо, потребно е зголемување на нивната активност. | Советите од областа на социјалната заштита да ги изготват соодветните планови со предлог мерки и активности за социјална заштита |
| Недостига станбен простор за социјално ранливи категории на семејства | Обезбедување на станбен простор во Делчево за ранливи категории на семејства . |
| Подобрувње на соработката со граѓанскиот сектор и нивна поддршка. | Поддршка на невладините организации во спроведување на нивните програмски цели согласно надлежностите и приоритетите на општината. |
| **АНАЛИЗА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И** | |

| ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Високо ниво на хидрографски потенцијал | Планирање и управување со водените потенцијали на слив на река Брегалница и неејзините притоки. |
| Загадувањето на почвата се случува поради дивите депонии и непрочистените отпадни води | Неопходна е санација на дивите депонии и изградба на ПС |
| Нема мониторинг станица за следење на квалитетот на воздухот | Потребно е да се воведе мониторинг и активен однос кон заштитата на воздухот |
| Евидентирани се две нови природни реткости за заштита. | Треба да се предложат за ретко природно наследство |
| Незаштитени шумски екосистеми | Неопходна е редовна заштита на шумските екосистеми од болести, пожари и кражба на дрва. |
| Подигање на нивото на Енергетската ефикасност и искористување на можностите со посебен осврт на хидро енергијата и сончевата енергија | Унапредувае на енергетска ефикасност, мотивирање з формирање на енергетски зедници. |
| Голем потенцијал за искористување на обновливите извори на енергија | Зголемено искористување на обновливите извори на енергија преку субвенционирање |
| **АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСТА И СИГУРНОСТА ВО ЗАЕДНИЦАТА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Плановите за заштита и спасување во општината направени се врз основа на Проценката на загрозеност во Општина Делчево и истите треба редовно да се надополнуваат | Последната ажурирана Проценка на загрозеност е направена во 2023 година и при подготовка на планови за заштита и спасување при загрозеност да се земат во предвид информациите/насоките од оваа Проценка. |
| Плановите кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризиците трба рдовно а е ажурираат | Плановите кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризицитередовно да се ажурираат и изготвуваат врз основа на Проценката на загрозеност |
| Изготвени се планови само за заштита и спасување од пожари и поплави | Потребно е да се изготват и донесат и други планови согласно со Проценката на загрозеност |
| Персоналниот состав на силите за ЦЗ (просторни сили) не е ажуриран | Редовно да се ажурира персоналниот состав на силите за ЦЗ |
| Не се реализирани потребните обуки на просторните сили | Редовно да се спроведуваат обуки на просторните сили. |
| Недостасува потребна опрема за успешно справување со ризиците | Да се опремат силите за ЦЗ со потребна опрема по вид и број |
| Волонтерското противпожарно здружение не е активно | Кадровски и технички да се опреми волонтерското противпожарно здружение за поголема ефикасност во справување со пожарите |

SWOT е кратенка на англиски јазик за: „силни страни, слаби страни, можности и закани". Силните и слабите страни се внатрешни фактори во општината или прашања кои примарно се

под контрола на локалните чинители. Во исто време, можностите и заканите се надворешни фактори, околности врз кои локалните чинители имаат мало влијание но мора да бидат свесни за нив и да имаат соодветни механизми да одговорат на нив.

SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економската анализа и претставува проверка на реалноста. Клучните прашања на кои се фокусираше SWOT анализата се:

- Силни страни: Што е тоа што ние го имаме, а другите го немаат? Што правиме или што можеме да направиме подобро од другите?
- Слаби страни: Што правиме полошо од другите? Што е клучно за нас што го попречува нашиот развој?
- Можности: Кои се можностите што ги гледаме за нашата општина во регионот и државата?
- Закани: Кои тековни активности во регионот, државата и надвор од неа може да влијаат на нашиот напредок?

*Табела 3: Интегрална SWOT анализа*

| **Јаки страни** | **Слабости** |
|---|---|
| **Внатрешен поглед** | |
| ➢ Историски места и локалитети (цркви, манастири, археолошки локалитети)<br>➢ Постоење на Меморијалниот музеј „Рзловечко востание", с.Разловци<br>➢ Природни ресурси (обработливо земјоделско земјиште, минерални суривини)<br>➢ Развиено примарно земјоделско производство со потенцијал за понатамошен развој на следните култури: овоштарство<br>➢ Одлични природни услови за лов и риболов<br>➢ Богат шумски фонд<br>➢ Постоење на локални индустриски зони со ДУП<br>➢ Голем потенцијал на водни ресурси за водоснабдување и наводнување<br>➢ Добра покриеност со патна мрежа на населените места<br>➢ Добра покриеност на населените места со водоводни системи<br>➢ Целосна електрификација<br>➢ Целосна покриеност со телекомуникациска инфраструктура<br>➢ Постоење на детска градинка и клонови<br>➢ Постоење на основни и средно општинско училиште<br>➢ Постоење на културни манифестации<br>➢ Постоење на Центар на култура | ➢ Недоволно стимулирани микро компании<br>➢ Не е воспоставен општински бизнис центар<br>➢ Недоволен претприемачки капацитет на населението (посебно жени и млади во руралните средини)<br>➢ Нефункционални индустриски зони (неуредени со инфраструктура)<br>➢ Неопремени и неуредени туристички локалитети - археолошките локалитети не се пристапни за јавност<br>➢ Неорганизирана и недоволна промоција на туристичките потенцијали со акцент на плнинат Голак<br>➢ Непостоење на пешачки, велосипедски и коњички патеки<br>➢ Не постои туристички информативен центар<br>➢ Недефиниран туристички производ<br>➢ Нема капацитет/и за преработка на земјоделски производи<br>➢ Недоволни стимулативни мерки за развој на земјоделството<br>➢ Слаба искористеност на ИПАРД програмите<br>➢ Неискористени шумски потенцијали<br>➢ Мал број на занаетчии<br>➢ Неусогласеност на работната сила со потребите на пазарот |

| | |
|---|---|
| ➢ Постоење на социјални клубови<br>➢ Постојат објекти кои можат да се реставрираат за социјални услуги<br>➢ Постојат спортски објекти<br>➢ Постоење на здравствен дом<br>➢ Голем потенцијал за искористување на обновливите извори на енергија<br>➢ Добра местоположба<br>➢ Инфраструктурно поврзана со околните општини во земјата и со Р.Бугарија.<br>➢ Постоење на индустриски зони<br>➢ Постоење на инфраструктура како основа за изградба на угостителски капацитети и трговски и сервисни услуги и информативни пунктови | ➢ Не постои урбанистичка планска документација за сите населени места<br>➢ Нефункционални пречистителни станици<br>➢ Непречистени отпадни води од постоечки канализациони системи<br>➢ Неизградени канализациони системи во поголемите населени места во општината<br>➢ Нема атмосферска канализација во дел од градот Делчево<br>➢ Нерегулирани речни корита во населени места<br>➢ Голем број на диви депонии<br>➢ Не постојат општински линии за превоз на патници<br>➢ Не постојат постојки и возни редови за општински линиски превоз на патници<br>➢ Недостаток на квалификувана работна сила<br>➢ Неизградена Комунална инфраструктура на планината Голак и руралните средини.<br>➢ Слаба искористеност на културното наследство за туристички посети и привлекување на туристи. |
| **Можности** | **Закани** |
| **Надворешен поглед** | |
| ➢ Добра местоположба - Инфраструктурно поврзана со околните општини во земјата и со Р.Бугарија.<br>➢ Поволни климатски услови за развој на земјоделие -Еколошки чиста средина<br>➢ Постоење на индустриски зони<br>➢ Постоење на млади кадри со познавање на Компјутерски вештини, познавање на странски јазик и менаџмент со човекови ресурси<br>➢ Мерки за самовработување преку АВРМ и други донатори<br>➢ Постоење на инфраструктура како основа за изградба на угостителски капацитети и трговски и сервисни услуги и информативни пунктови<br>➢ Зголемена побарувачка на храна во глобални рамки<br>➢ Зголемена побарувачка на | ➢ Недостаток на квалификувана работна сила<br>➢ Спор процес на донесување на урбанистички планови<br>➢ Ризик од нови пандемии<br>➢ Одолжување на процесот на пристапување во ЕУ<br>➢ Влијание на климатски промени во земјоделието<br>➢ Отежнат пристап до финансии за приватниот сектор<br>➢ Исполитизираност и бирократија<br>➢ Одлив на работна сила и млади |

| | |
|---|---|
| ароматични и<br>лековити билки, и шумски плодови<br>➢ Мерки и поволности за инвестирање од<br>страна на Владата<br>➢ Користење на ЕУ и други меѓународни фондови<br>➢ Советодавна и експертска помош за бизнис секторот за подобрување на конкурентноста<br>➢ Програма за стимулирање на развојот на<br>➢ занаетчиството (Министерство за Економија)<br>➢ Поттикнување на соработката помеѓу бизнис секторот и универзитетите од регионот<br>➢ Стимулирање на Јавното Приватно Партнерство - постојна регулатива и практични искуства за Јавно приватно партнерство (ЈПП)<br>➢ Членство во НАТО<br>➢ Вклучување на општината во процесот на изградба на регионален систем за управување со цврст отпад<br>➢ Закон за донации | |

## V.Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби

За потребите на овој Социјален план беше направено социјално мапирање и беа консултирани и вклучени претставници на клучните институции, организации и здруженија на граѓани кои работат на територијата на Општина Делчево, а со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес, преку кој заеднички се посветуваме на поквалитетен живот на нашите сограѓани. Секој од нив, од доменот на своето работење придонесе со преглед и анализа на состојбите и даде предлози за потребните активности.

**Миграциите како социјален ризик**

Прва специфика на општината е тоа што како и во останатите градови во Република Северна Македонија така и тука е зголемен бројот на млади лица како и семејства кои се иселуваат, ја напуштаат државата трајно или привремено, и заминуваат во Западноевропските земји најчесто поради подобра егзистенција и поради неможноста да најдат вработување во општината. Со оглед на тоа се претпоставува дека старото население е во постојан пораст над бројот на младата популација, заради трендот на иселувањето и привременото емигрирање којшто е генерален проблем со кој се среќава целата наша држава.

Согласно последните статистички процени на ДЗС во 2025 година во Делчево има вкупно 21 доселени лица. Од нив 9 се мажи, а 12 жени. Од оваа вкупна бројка 11 лица се доселени од странски држави додека остатокот од други населени места (градови и села) во Македонија.

Според нивото на образование на овие лица, најмногу од нив односно 18 се со средно образование, 2 се со високо образование, 1 со завршено основно училиште. Доселените лица се генерално од ромска етничка припадност, повеќето се припаднички на женскиот пол, а нивната средна возраст е 36 години. Со овие бројки не се предизвикува некоја драстична промена во профилот на населението во општината, како во поглед на активната работна сила така и во поглед на образовните кадри.

Во истиот овој период од Делчево се отселени вкупно 102 лице, од нив 33 се со високо образование , 56 со средно образование, 11 со основно и 2 со неотполно основно образование. Отселените лица се најмногу од македонската етничка заедница и се мажи, додека просечната ворзаст на отселени лица е 30 години. Овие бројки укажуваат на отселување на генерално млада популација со исклучиво високо образование која како активна и работоспособна група најмногу може да придонесе за развој на општината.

Со овие бројки миграционо салдо на општината изнесува -49. Како најчести причини за отселување се споменуваат семејни причини, стапување во брак, а најмалку поради работа.

**Невработеноста како социјален ризик**

Состојбата со невработените лица според податоците од АВРМ е опишана во Анекс 2 кој е составен дел на Социјалниот план. Според податоците од АВРМ најголема стапка на невработеност се забележува во групата невработени лица над 60 години и тоа со основно образование. Најголем дел од оваа група невработени лица се лица кои примаат паричен надоместок и лица кои примаат гарантирана минимална помош, кои имаат обврска да се евидентираат како активни баратели на работа. Бројката на невработени лица, селектирана според возраст од 55-59 години, е исто така во голем број, но може делумно да се намали со вклучување во мерките Општинско корисна работа, Валидација на стручни квалификации на невработени лица за полесно интегрирање на пазарот на труд (пилот мерка)Јавни работи, и Вработување и раст на правни субјекти. Во категоријата, невработени лица до 29 години, според образование, голем е бројот на невработени лица со завршено средно образование, кои може да се вклучат во мерката Практиканство, Обука за побарувани занимања, Обука на работно место кај конкретен работодавач,Обуки за пожарникари и Обуки за Ц и Д категорија , Самовработување, Самовработување со кредитирање како и со останатите услуги што ги нуди Агенцијата за Вработување.

**Старост како социјален ризик**

Трет социјален ризик во општината е се поголемиот број на стари и изнемоштени лица кои живеат сами и се без семејна грижа. Бројот на пензионери на територијата на Општина Делчево е вкупно 3803 лица. Од нив 1904 се жени а 1899 мажи. Во Делчево нема Дом за згрижување на стари и изнемоштени лица, а најблиску таков дом има во Берово, но тој е со ограничен капацитет. Од разговорот со претставниците на Здружението на пензионери, голем дел од пензионерите секојдневно се соочуваат со проблеми од типот на осаменост, изолираност, потешкотии во извршувањето на секојдневните активности во домот.

Според последната евиденција на Здружението на пензионери најголем дел од старите лица во Делчево се со ниски и просечни пензиски примања. 188 (103 жени и 85 мажи) стари лица се без семејна грижа а 22 (13 жени и 9 мажи) од нив се без никакви примања. Бројките се резултат на масовното иселување на младите од општината, по што во многу семејства се останати само стари, болни и изнемоштени лица, кои неможат за себе да си обезбедат основна социјална и здравствена грижа или неможат сами да ги обавуват основните потреби. Ваквата ситуација, особено влијае на опаѓање на квалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи

се старите лица во руралните средини. Неофицијалната бројка на лица сместени во установи за згрижување на стари лица е околу 24.
Според податоците од ЈУ МЦСР Делчево во 2025 година има вкупно 941 лица корисници на Паричен надоместок за помош и нега од друго лице од кои ---- се мажи и ----- жени. Врз основа на повеќе истражувања и анализи спроведени од Општина Делчево а со помош на НВО и здравствените установи на подрачјето на нашата општина, се констатира следната состојба:

- Најголем дел од старите лица имаат пензија (лична, семејна, земјоделска), која им овозможува услови за скромен живот,
- Поголем дел живеат сами (вдовец/вдовица),
- Речиси сите имаат здравствени проблеми (90/% ревматски заболувања, 85% кардиоваскуларни заболувања, 38% дијабет и други заболувања),
- Одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот, набавката и подготовката на храна им претставува тешкотија,
- За посета на лекар и набавка на лекарства во најголем дел се зависни од друг.
- Скоро кај сите преовладува чувството на осаменост, непотребност, отфрленост и страв од заболувања.

Сето ова укажува дека е несомнена потребата од услуга за дневен престој за пензионери и Дом за згрижување на стари и изнемоштени лица со 24 часовен третман. Од тие причини Општина Делчево превзема мерки и активности за пружање на помош и нега на старите и изнемоштените лица во домашни услови, преку тимови на невработени лица кои имаат сертификат за пружање на помош и нега во домот. Најмногу активности се реализирани преку учество на невработените лица во Програмата за општинско корисна работа-грижа за стари и изнемоштени лица. Со мапирањето на ризични категории лица, со помош на Здружението на пензионери, НВО и МЗ и УЗ, ќе се направат напори да се идентификуваат жените и мажите корисници на пензија и идентификување на потребите за помош на жените и мажите пензионери и соодветно да се креираат програми за помош на оваа категорија на граѓани.
Во 2024 година отпочнавме со реализација на услугата за далечински мониторинг и дијагностика на пациенти кои не се во можност да ги посетуваат матичните лекари. Проектот е финасиран од Австриската агенција за развој и соработка а во парнерство на НАЛАС . Во проектот се вклучени 4 матични лекари кои со опремата за далечински мониторинг, овозможуваат следење на здравствената состојба на околу 300 пациенти годишно.

**Попреченост како социјален ризик**
**Четврта група граѓани во социјален ризик се децата и лицата со попреченост**. Според податоците од ЈУ МЦСР, граѓанскиот сектор, центар дневен престој за лица со попреченост и Публикацијата за социјална заштита на деца, млади и возрасни лица (Извор Завод за статистика од 21.04.2021 г.) во општината има вкупно 139 лица со телесен инвалидитет од кои 17 се деца, со оштететен вид 62 лица од кои 9 се деца, со оштетен слух 52 лица од кои 1 е дете, со пречки во менталниот развој има 94 лица, со комбинирани пречки 36 лица од кои 23 се деца, 10 деца со пречки во вербалната комуникација, 6 деца со аутизам и 28 деца со други пречки.

Единствена институција во општината која згрижува лица со попреченост е центарот за дневен престој за лица со попреченост . Но не сите услуги кои им се потребни на лицата со попреченост се даваат во тој центар за дневен престој.

**Заклучоци и препораки од социјалното мапирање спроведено во 2024 година**

**Согласно резултатите од спроведеното социјално мапирање и методологијата на проценка на изложеност на петте ризик фактори, најранливи категории на граѓани во Општина Делчево се лицата со попреченост и тоа:**

- Лица кои живеат сами и лица кои имаат семејна поддршка, но, заради возраста на родителите/старателите, постои високр ризик да останат сами а имаат умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, тешка телесна попреченост или комбинирана попреченост од овие две попречености;
- Лицата кои немаат образование и не се во можност да го оформат средното образование и не можат да бидат дел од пазарот на трудот заради оваа причина;
- Лицата кои живеат во екстремна сиромаштија, која се манифестира со неможност да се обезбедат доволно и соодветни оброци, неможност да се обезбеди топол дом и да ги имаат потребните лекови;
- Жените односно девојките со попреченост, заради нивната изолација од страна на родителите/старателите да не се вклучат во програми за реинтеграција и рехабилитација;
- Родителите/старателите на лицата со попреченост, кои не се во работен однос заради грижа на лице со попреченост;
- Лицата кои се тешко подвижни и имаат потреба од специјално возило за лица со попреченост;
- Лицата кои не се во можност, заради економски причини или заради тешка подвижност, да посетат лекар специјалист во друга општина;
- Жените со попреченост кои се жртви на дискриминација;
- Лицата со телесна или комбинирана попреченост, кои живеат во недоволно пристапни домови;
- Жените со попреченост, кои не се сопственички на домовите;
- Лицата кои имаат интелектуална попреченост и не се во можност да се информираат соодветно и навремено за евентуални ризици и елементарни непогоди и се во опасност самите да предизвикаат пожар или поплава во својот дом;
- Лицата со телесна и комбинирана попреченост, кои живеат во непристапни улици и домови за возила на противпожарната служба.

Врз основа на анализа на поткатегориите на лица со попреченост, кои се најизложени на петте ризик фактори, може да се заклучи дека кај сите ризик фактори, најзиложени се:

- **Жените и девојките со попреченост, особено со интелектуална попреченост;**
- **Лицата со тешка телесна попреченост, особено лицата со комбинирана попреченост- телесна и интелектуална попреченост.**

**Од страна на ОО Црвен крст Делчево, утврдени се следните потреби на деца/лица со попреченост:** Центар за рехабилитација на лица со попреченост , логопед и дефектолог за деца со МКФ проценка во ОЈУДГ и ООУ и утврдување мерки и механизми за престој на лицата по посебни потреби над 18 години во дневниот центар.

**Сиромаштија како социјален ризик**

Сиромаштијата се повеќе се јавува како главен социјален ризик за граѓаните на Општина Делчево. Се повеќе граѓани се на работ на егзистенцијата. Од податоците што ги објавува ЈУ МЦСР Делчево, во 2025 година, 203 семејства се корисници на Гарантирана минимална помош (ГМП) од кои ---- носители на правото се мажи и ---- жени. Со енормното зголемување на малопродажните цени на основните прехрамбени продукти, се поголем број граѓани ќе се соочат со проблемот за обезбедување на основни средства за егзистенција иако се вработени и имаат некакви приходи и кои во овој случај неможат да го остварат ни правото на социјална помош бидејќи се вработени.

Согласно Програмата за социјална заштита и надлежностите дадени со Законот за социјална заштита, во овој дел на ризици општината интервенира преку:

- Помош на социјално загрозени семејства
- Помош на социјално маргинализирани групи (самохрани родители, роми, деца во судир со законот и др.)
- Помош на лица/семејства погодени од несреќи и др. елементарни непогоди

За остварување на социјалната превенција, се преземаат мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе, особено преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита. Реализацијата на овие активности се остварува во центрите за социјална работа во соработка со општината, предучилишните, училишните, здравствените установи и другите државни тела и органи, правни и физички лица, НВО и здруженија на граѓани.

- Правото на прва социјална услуга на корисниците на социјална заштита, опфаќа воочување на проблемот кој произлегува од состојба на социјален ризик, укажување на корисникот на можните решенија, услуги и средства за негова заштита, како и за мрежата на установи надлежни за давање на услуги
- Правото на помош на поединецот, подразбира примена на форми на стручна, советодавна или советувалишна работа, со која му се овозможува стекнување на потребни информации, оспособување за самостојно одлучување, зачувување и развој на социјалните потенцијали
- Правото на помош на семејството, опфаќа стручна помош на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители - деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот.

Единствена установа која ги дава претходно наведените услуги од областа на советување и информирање е ЈУ МЦСР , нема граѓанска организација која би можела да го развие ова како социјална услуга.

**Малолетничката деликвенција, консумирањето на дрога, психотропни супстанции и алкохол се се повеќе присутни помеѓу младите во Делчево**. Во консултација со стручните служби во општинските училишта утврдено е дека се поголем е бројот на млади од средните па и од основните училишта кои конзумираат дрога и други психоактивни супстанции. На оваа возраст најчесто употребувани супстанции кај младите се марихуана, алкохол и седативи, многу поретко наркотични аналгетици и опијати. Поради тоа кај младите се јавуваат следните ризици: загрозена сигурност и безбедност, малолетници во судир со законот и асоцијално однесување, запоставени деца (семејна запуштеност, несоодветно воспитување и недоволна грижа за

децата, деца кои се оставени да ги чуваат бабите и дедовците, опасност по здравствената состојба на децата, невклученост во образовниот процес, изложеност на деликвентно однесување, конфликти во семејството, насилство, криминогено однесување и сл. Утврдена е потребата од преземање на мерки и активности за спречување на врсничкото насилство во училиштата, посебно од страна на стручните соработници.

## VI.Постоечки социјални услуги

Во изминатиот период Општина Делчево има посветено големо внимание за креирање на услови за обезбедување на социјални услуги и тоа преку спроведување на бројни проекти со поддршка на различни донатори во кои се пилотирани различни активности кои имаат потенцијал да прераснат во социјални услуги. Најмногу активности се реализирани преку учество во Програмата за општинско корисна работа (во понатамошниот текст ќе се користи скратеницата ОКР), спроведена во соработка и финансиска поддршка со УНДП, АВРМ и МТСП. Преку оваа програма изградени се капацитети кои може да се користат за овозможување на потребните услови за организирање на функционални социјални услуги и лиценцирање на овластени даватели на социјални услуги, согласно регулативите на МТСП. Одзивот на постоечките здруженија на граѓани за лиценцирање на овластени даватели на социјални услуги беше многу мал, но се надеваме дека во иднина ќе се препознае бенефитот за граѓаните од воспоставување на квалитетни социјални услуги за граѓаните во нашата општина. Реализираните активност од оваа програма беа пред се за поддршка на стари и изнемоштени лица, лица со попреченост и образовни асистенти кои им помагаат на учениците со пречки во образовниот процес. Лиценца за овластени даватели на социјални услуги обезбедија ЗГ „Бравура кооператива" и ОО на Црвен крст кои работат пред се на услуги во домот , услуги во заедницата и рехабилитација , реинтеграција на лица со попреченост и лична асистенција.
Услугите за информирање и упатување досега ги даваше единствено ЈУ МЦСР Делчево и по некоја НВО но само како проектна активност, не и како востановена услуга.

## VII. Промовирање на нови социјални услуги

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните. Со Законот за социјална заштита се уредени системот и организацијата на социјалната заштита, корисниците на социјална заштита, правата на парична помош и социјалните услуги, постапката за остварување на правата и користење на услугите, вршење на дејноста на социјална заштита, кадрите, финансирањето и надзорот над вршењето на социјалната заштита и други прашања од значење на вршењето на дејноста на социјалната заштита.
Најважен сегмент за локалната интервенција е воспоставувањето на мрежа на даватели на социјални услуги која ја сочинуваат јавните установи за социјална заштита и други овластени даватели на социјални услуги (здруженија, други домашни и странски правни лица), со кои МТСП, односно општината, склучиле управен договор за давање на социјални услуги, како и физичко лице кои добило дозвола за вршење на работи од социјалната заштита како професионална дејност и склучиле договор со Центарот за социјална работа.
Во изминатиот период Општина Делчево посветено работеше на обезбедувањето на потребните услови кои ќе придонесат кон превенција и надминување на социјалните проблеми на нашите сограѓани, но и за воспоставување на функционални социјални услуги кои ќе се пружаат преку овластени даватели на социјални услуги.
Како инвестиција во добростојбата на граѓаните, за следниот период е планиран развој на нови социјални услуги. Со оглед на финансиската состојба и големината на општината, новите услуги се планирани да бидат обезбедени во соработка со донатори и МТСП.

**7.1 Услуги за информирање и упатување**

Покрај постоечката работа на ЦСР, оваа услуга може да се дава и преку овластени даватели на услуги, НВО, општински центар за информирање и упатување и др. форми. На пример неопходно е да се развие посебен сет на информации за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост кои се на евиденцијата на АВРМ. Исто така потребно е да се даде дополнителна помош и поддршка при услугите за информирање и упатување за искористување на правата од социјална и здравствена заштита на ранливите категории на граѓани.

**7.2 Услуги на стручна помош и поддршка**

Долгоочекуваното воведување на услуги на стручна помош и поддршка ќе биде овозможено само преку лиценцирани даватели на услуги кои во соработка со стручните служби во ЦСР ќе работат на случај, ќе овозможат рарешување на комплексни семејни ситуации, работа со жртви на семејно насилство, работа со малолетници во ризик/малолетничко престапништво и др.

**7.3 Услуги на советување**

Општината заедно со МТСП е спремна да поддржи работа на стручни граѓански организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик, надвор од она што го обезбедува ЦСР. Центарот за советување во своите рамки би обезбедувал советувалишна работа за деца и младинци во различни социјални ризици ( деца во судир со законот, нарушени семејни односи, жртви на врсничко насилсто и семејно насилство).

**7.4 Услуги за помош и нега во домот**

Општина Делчево има голема потреба од лиценцирање на овластен давател на услуги за помош и нега во домот и тоа за помош и нега на стари и изнемоштени лица, палијативна служба за лица заболени од тешки болести и др. услуги. Во таа насока веќе се лиценцирани две НВО како овластени даватели на оваа услуга и тоа ОО на Црвен крст Делчево и ЗГ „Бравура кооператива".

**7.5 Услуги за лична асистенција**

Според податоците добиени од мапирањето на проблемите на лицата со попреченост, констатирано е дека во Општина Делчево има недостаток и потреба од услугата лична и персонална асистенција. Оваа услуга ќе придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во опшеството во целина. Развојот на оваа услуга ќе се базира на правилниците и др. подзаконски акти кои го следат Законот за социјална. Личната асистенција како услуга веќе е овозможена преку лиценциран даватал за оваа услуга а тоа ОО на Црвен крст.

**7.6 Услуги во заедницата**

Услугите во зедницата ги опфаќаат услугите во дневните центри и тоа дневни центри за стари лица, дневни центри за лица со посебни потреби, дневни центра на зависници, дневни центри за престој на деца и младинци , центар за активно стареење и други центри за поддршка на живеење во заедницата. Во 2021 година се отпочне со реализациа на проектот за услуги во заедницата насловен како Клуб за социјална инклузија „Интегра" . Проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра" е програма за вклучување на 12 лица со посебни потреби од Општина Делчево, во организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација . Причините за потребата од проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра" е отсуството на институционални и други алтернативни форми на услуги за возрасни лица со посебни потреби во Општина Делчево. Проектот е базиран на приоритетите од Акцискиот план за социјална заштита на Општина Делчево во делот за маргинализирани групи а е спроведен од страна на ЗГ „ Бравура кооператива" . ЗГ Бравура кооператива" е лиценциран давател на социјалната услуга за рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост. Констатирана е потребата од отварање на Центар за активно стареење, чии корисници би биле лица над 65 годишна возраст, кои се психо-физички самостојни и не користат други социјални услуги.Во Центарот за активно стареење ќе се реализираат низа активности меѓу кои : обуки и предавања

од страна на медицински лица, креативни работилници, спортски активности, активности од областа на уметностите и др.

**7.7 Услуги за вон - семејна заштита**

Живеење со поддршка

- Обезбедување на мали групни домови за лица без родители и родителска грижа над 18 годишна возраст и групни домови за лица со попреченост над 26 годишна возраст,
- Обезбедување на стамбени единици за домување
- Шелтер центар за жртви на семејно насилство

Згрижување во семејство (згрижувачки семејства)

Иако оваа услуга е управувана од МТСП , општината може да даде значителен придонес во поддршка на кампањата за обезбедување што поголем број на згрижувачки семејства. Од тие причини воведено е еднократна парична помош во износ од 10.000 денари за секое згрижувачко семејство на ниво на нашата општина. Моментално во Делчево има само едно згрижувачко семејство.

Сместување во установа

Идентификувана е потреба од изградба на Дом за стари лица. Бројот на стари лица во Општина Делчево кои живеат сами и се без семејна грижа, од ден во ден е се поголем. Затоа е потребно да се изгради Дом за стари лица кој ќе биде регионален.

Бр.10- 2573/1
28.07.2026 година

**Совет за социјална заштита на Општина Делчево**

**Изработил: Сузана Петровска**

**Претседател**

**Зоран Биковски**

*Прилог:*
*-податоци од АВРСМ и ЈУ МЦСР*